# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК АСИСТЕНТ ВО НУЧНАТА ОБЛАСТН ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА (50302) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високо образоваие, член 33,34,35 и 36 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со објавенот конкурс на 17.09.2019 година во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет- Скопје, на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе одлука бр. 02-2179/4 со која е формирана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Калина Треневска-Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Драган Тевдовски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Весна Буцевска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје за избор на соработник, асистент во научната област применета економија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во научната област применета економија во предвидениот рок се пријавија тројца канидати: Мартин Новески, Кирил Симеоновски и Виктор Стојкоски. Во извештајот ќе бидат изнесени позначајните податоци за кандидатите, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ И НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Кандидатот м-р Мартин Новески е роден 18.05.1988 година во Скопје. Во 2007 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал на 13.09.2011 година на студиската програма економија со просечен успех 8,06 (осум запирка нула шест). Во 2013 година се запишува на втор циклус на студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма статистички методи за бизнис и економија, а магистрирал 2016 година со просечен успех 10 (десет) на тема „Моделирање на долгорочната зависност на БДП на трите најразвиени економии во Европската унија“. Од април 2012 година до денес е вработен во Министерсвото за финансии, Сектор за буџети и фондови на местото виш соработник за буџет и буџетска политика.

Има доставено сертификат за познавање на англиски јазик TOEFL со скор 96 со дата на тестирање 13.12.2013 година, ниво C1 и наведено дека го познава албанскиот јазик на ниво A1. Ко-основач е и претседател на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ, Скопје и член е на Балканскиот економски форум. Има учествувано во три проекти од кои го истакнуваме “Strengthening the medium term budgeting